**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ДЕМИР ХИСАР**
**Бр. 11-1033/6**
**07-11-2022год.**
**ДЕМИР ХИСАР**

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020), член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа (Слижбен весник на РМ бр.05/02), а во врска со Мислењето на Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр. 08-1125/1 од 19.11.2021 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесува:

# РЕШЕНИЕ

***за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е1.13- за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 4960 и КП 4961, КО Сопотница, општина Демир Хисар***

1.**СЕ ОДОБРУВА** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е1.13, за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 4960 и КП 4961, КО Сопотница, Општина Демир Хисар, со техн.бр.11-11/10 од март 2022 година, изработен од ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ" Битола.

2.Ова решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

## Образложение

Инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги ММ СОЛАР ДОО Увоз-Извоз Битола, со ЕМБС 7575912 и седиште на ул.„Браќа Мингови" бб-АВРА, Битола, преку овластениот полномошник, ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ" Битола, поднесе барање заведено под број 11-1033/1 од 12.08.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- фотоволтаична електрана, за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 4960 и КП 4961, КО Сопотница, Општина Демир Хисар, со техн. Број 11-11/10 од март 2022 година, изработен од ДППТУ„ФОРМИ ДООЕЛ" Битола, со седиште на ул.„Арсение Јовков бр.28, Битола кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0106, издадена од Министерство за транспорт и врски на 03.12.2015 година, со важност до 13.02.2026 година.

Во прилог на барањето е доставена следната документација:

1.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со техн.бр.11-11/10 од март 2022 година, изработен од ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ” Битола, кое поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0106, издадена од Министерство за транспорт и врски на 03.12.2015 година, со важност до 13.02.2026 година;
2.Извештај од Ревизија на Урбанистички проект тех.бр. 0901-739/22 од септември 2022 изработена од Друштво за трговија и услуги „Билд Урбан” ДООЕЛ Скопје кое поседува лиценца за ревизија на урбанистички планови бр.10 со важност до 26.08.2023 год.
3.Полномошно од инвеститорот за водење на постапката со бр.УЗП 682/2022 од 07.03.2022 година
4.Изјава за финансирање на урбанистичкиот проект заверена на нотар со бр.УЗП 683/2022 од 07.03.2022 година
5.Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога со Дел.бр 08-37/4-22 од 28.02.2022 година изработен од „ГЕО АД ИНЖЕНЕРИНГ” ДООЕЛ Битола
6.Известување за електронска заверка на геодетски елаборат 1110-3/2022 од 28.02.2022 година
7.Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сопотница (измена и дополна) со техн.бр У21411 од март 2013 год., издадени од Агенција за планирање на просторот
8.Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана на КП 4960 и КП 4961, КО Сопотница, со техн.број У16322 од јули 2022 година
9.Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 1092/2022 од 09.06.2022 година
10.Потврда за финална тополошка контрола од 07.08.2022 година
11.Проектна програма израборена од ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ” Битола, со тех.бр.11-11/10 од март 2022 година
12.Решение за одобрување на проектна програма издадено од Општина Демир Хисар бр.11-382/4 од 01.07.2022 година
13.Имотен лист број 1067 КО Сопотница, издаден од АКН со број 1105-607/2022 од 01.03.2022 и Имотен лист број 1062 КО Сопотница издаден од АКН со број 1105-603/2022 од 01.03.2022година, со запишано право на сопственост на инвеститорот
14.Извод од катастарски план за КП 4960 КО Сопотница издаден од АКН со број 1106-46/2022 од 09.03.2022 годинаи КП 4961 КО Сопотница издаден од АКН со број 1106-43/2022 од 09.03.2022
15.Идеен проект за изградба на фотоволтаична електрана- фаза архитектура и фаза електротехника, изработен од ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ” Битола
16.Доказ за платена административна такса
17.Одлука за неспроведување на стратегиска оцена Бр. 11-1012/1 од 09-08-2022 и Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање со кое се прифаќа Одлуката, Бр. УП 1-15-1543/2022 од 19-08-2022год.

18. Мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистичкиот проект со податоците од катастарскиот план, издадено од Агенција за катастар на недвижности со бр. 0939-13134/4 од 10.10.2022 година

При спроведувањето на законски предвидената постапка, согласно член 47 став 6 работната верзија на проектната документација со барање за мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности беше доставена до институциите кои одговориле на барањето за податоци и информации во фазата на изработка на планска програма. Од нивна страна се доставени позиивни мислења и не се доставени забелешки во однос на планските решенија содржани во урбанистичкиот проект.
Од страна на Агенцијата за катастар на недвижности со допис бр. 0939-13134/4 од 10.10.2022 година дадено е позитивно мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистичкиот проект со податоците од катастарскиот план.

Исто така, Урбанистичкиот проект беше ставен на увид на јавноста за што е изготвен Записник со бр.11-1033/4 од 27.10.2022 година дека во предвидениот рок не се доставени забелешки. Согласно наведеното Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр. 08-1125/1 од 19.11.2021 година, а врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Мислење со број 11-1033/5 од 31.10.2022 година со кое се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање и му предлага на Градоначалникот да го одобри Урбанистичкиот проект.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

Изработил: Катерина Огненовска
Одобрил: Соња Наумовска

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=166413, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2022-12-21 14:40:22